РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр.11-6705/1
03.07.2012 година
Скопје

Врз основа на член 223 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08 и 110/08), Директорот на Управата за животна средина донесе

# ЗАКЛУЧОК

1. Се прекинува постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина поведена со известување за намера за изведување на проектот "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес број 11-1596/14 од 03.05.2012 година.
2. Прекинот на постапката трае се до донесување на одлука од Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје поднесе известување за намера за изведување на проектот "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес број 11-1596/14 од 03.05.2012 година .

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по известувањето донесе Решение за утврдување на потребата од оцена на влијанието врз животната средина број 11 – 1596/16 на 30.05.2012 година.

Против Решението на Министерството за животна средина и просторно планирање, еколошкото друштво "ВИЛА ЗОРА" од Велес изјави жалба против решението со број 07-6175/1 од 07.06. 2012 година.

Согласно член 231 од Законот за општа управна постапка, се прекинува постапката за оцена на влијанието врз животната средина се до донесување на одлука од Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Врз основа на претходно изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Управата за животна средина
Директор
Филип Иванов

Доставено до:
- општина Велес
- инвеститорот
- Е. Д. "ВИЛА ЗОРА"
- Архива на МЖСПП